Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавни претпријатија
Бр. 03-224
21.09.2026 год
ВЕЛЕС

До
Сектор / одделение за буџет,
финансии/сметководство / ревизија

**Предмет**: Покана за работилница

Почитувани,

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија, повеќе од 27 години обезбедува високо стручна поддршка за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации и зголемување на вештините, во областа на подготовката на општинските буџети.

Нашата цел е да дадеме одговори на прашањата:

- Кои се состојбите и предизвиците во општинските финансии во процесот на буџетирање ?
- Како ефикасно да се управува со локалните финансии и прибирањето на сопствените приходи ?
- Кои се актуелните теми при подготовката на општинските буџети?

Одговорите на овие и на други прашања ќе ги добиете на работилницата на тема:

**ПРОЦЕС НА БУЏЕТИРАЊЕ ЗА 2027 ГОДИНА,
СОСТОЈБИ, МОЖНОСТИ И ПРЕДИЗВИЦИ**

**Работилницата ќе се одржи во хотел „Гардениа" – Велес, со почеток во 9.30 часот, на 29 Септември 2026 година.**

Поради комплексноста на подготовката на реален буџет како основа за обезбедување стабилно работење во текот на претстојната 2027 година, обезбедени се квалитетни експерти - практичари: проф. д-р Борче Треновски и дипл.екон. Бранислав Гулев, од кои ќе добиете насоки за навремено и законско постапување при подготовката на општинските буџети.

Посебна вредност на работилницата и дава можноста со обезбедените експерти да размените знаења, долгогодишни искуства, информации, добри практики за оваа битна област.

При подготовката на буџетот за следната буџетска (календарска) година важно е да се почитуваат информациите за реализацијата на актуелниот буџет, изворите на финансирање, како и реалните потреби – реалните расходи, како и информациите и насоките од централната власт.

Работилницата е наменета за претставници на единиците на локалната самоуправа и другите институции од јавниот сектор, како и сите лица и институции кои директно или индиректно се инволвирани во подготовката на општинските буџети, подготовката и анализата на финансиските извештаи, како и во областа на јавните набавки.

Надоместокот за учество на работилницата, работните материјали и кафе пауза по учесник изнесува само **8.500 денари со вклучен ДДВ**, кој можете да го уплатите на име на:
**Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија:**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

Во функција на подготовка за работилницата, Ве молиме да го пријавите Вашето присуство во канцеларијата на Здружението со доставување на пополнети **Пријави** за учество на работилницата на e-mail: zfrlsjpv@gmail.com Формуларот за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на тел. 043/230-623, моб: 070/265-401, 070/375-136, или наведената e-mail адреса.

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски